# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **БР. 8 ГОД.27** |


**Општина Чучер-Сандево, Јули 2024 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **четврток** | **Бр. 8** |
| **по потреба** | **11.07.2024 год.** | **Год. 27** |


# 32.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА II КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на Кварталниот извештај за **II** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2024 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **40**-та седница, одржана на **11.07.2024** година.

**Бр.09-1124/1**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.244/19, 77/21 и 150/21) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **40**-та седница одржана на ден 11**.07.2024** година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА II КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

1.Се усвојува Кварталниот извештај за **II** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2024 година за период од **01.01.2024** до **30.06.2024** година.

2.Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2024** година до **30.06.2024** година, е составен дел на оваа Одлука.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08-1073/3**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

https://cucersandevo.gov.mk/?p=2935

# 33.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО И ГРАД СКОПЈЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛ.”АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” ВО КО КУЧЕВИШТЕ-ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чучер-Сандево и Град Скопје за реконструкција на дел од ул.”Александар Урдаревски” во КО Кучевиште-општина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **40**-та седница, одржана на **11.07.2024** година.

**Бр.09-124/2**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09) 14 став (1) и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Советот на Општината Чучер-Сандево, на **40-та** седница оддржана на **11.07.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО И ГРАД СКОПЈЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ”АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” ВО КО КУЧЕВИШТЕ-ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чучер-Сандево и Град Скопје заради заедничко вршење на работи кои што се однесуваат на реконструкција на дел од ул.”Александар Урдаревски” на КП 6294/1 КО Кучевиште вон град, општина Чучер-Сандево од крстосница со ул,,Нов Живот,, до Обиколница и се уредува начинот и условите на финансирањето како и други прашања за остварување на заедничката цел и интерес.

**Член 2**

Проценетата вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука изнесува 6,291,766,00 денари со вклучен ДДВ, со средства одобрени од Министерство за транспорт и врски преку Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка на општина Чучер-Сандево.

Општина Чучер-Сандево во реализацијата на меѓуопштинската соработка ќе учествува со финасирање на реконструкција на дел од ул.”Александар Урдаревски” на КП 6294/1 КО Кучевиште-вонград, општина Чучер-Сандево од крстосница со ул„Нов Живот„ до Обиколница, изработка на „Анекс на Основен сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај на постојна состојба на дел од правец на ул. .”Александар Урдаревски” на КП 6294/1 КО Кучевиште-вонград, општина Чучер-Сандево, со тех.бр.36-04/2023 од април 2023 година и обележување на новореконструирана сообраќајница со хоризонтална и вертикална сигнализација.

Град Скопје во остварување на оваа соработка ќе учествува со одобрување на сите потребни документи за „Анекс на Основен сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај на постојна состојба на дел од правец на ул.”Александар Урдаревски” на КП 6294/1 КО Кучевиште-вонград општина Чучер-Сандево” со тех.бр.36-04/2023 од април 2023 година, и по одобрувањето ќе го пренесе правото на утврдување на режим на сооообраќај на општина Чучер-Сандево.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука се овластува Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општината Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1073/4**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 34.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВАБОТУВАЊЕ ВО ООУ„ АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” С.САНДЕВО ВО 2025 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за давање согласност на Годишен план за ваботување во ООУ „Александар Урдаревски" с.Сандево во 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **40-**та седница, одржана на **11.07.2024** година.

**Бр.09-1124/3**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19) и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **40-та** седница, одржана на **11.07.2024** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ООУ "АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ" с.САНДЕВО ВО 2025 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се дава Согласност на Годишниот план за вработување во ООУ "Александар Урдаревски", с.Сандево, Општина Чучер-Сандево за 2025 година, бр.03-147/1 од 11.06.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1073/5**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 35.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ „МИЛО МОЕ”-ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023/2024 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Мило Мое”-Чучер-Сандево за 2023/2024**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **40-**та седница, одржана на **11.07.2024** година.

**Бр.09-1124/4**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М.бр.5/02)и член 23 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (Službe гласник на Општина Чучер-Сандево бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **40-та** седница одржана на **11.07.2024** година, донесе

## О Д Л У К А

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ „МИЛО МОЕ“- ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Чучер-Сандево го **УСВОЈУВА** Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ Мило Мое-Чучер-Сандево за 2023/2024 година Бр. .02-78/3 од 27.06.2024 донесен од Управниот одбор на ЈОУДГ „Мило Мое„ -Чучер-Сандево со Одлука Бр.02-78/4 од 27.06.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Чучер-Сандево.

**Бр.08-1073/6**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 36.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈОУДГ „МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување во ЈОУДГ „Мило Мое"-Чучер-Сандев, Општина Чучер-Сандево за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **40**-та седница, одржана на **11.07.2024** година.

**Бр.09-1124/5**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19) и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **40-та** седница, одржана на **11.07.2024** година, донесе

# О Д Л У К А

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„ ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

## Член 1

Со оваа одлука се дава **СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„ Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево за 2025 година, бр.02-74/1 од 06.06.2024 година усвоен од Управниот одбор на ЈОУДГ Мило Мое, Чучер-Сандево со Одлука Бр.02-78/9 од 27.06.2024 година.

## Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1073/7**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 37.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОБРОК ЗА ДЕЦА ОД ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ОД ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлука за обезбедување оброк за деца од дневен престој од ООУ “Александар Урдаревски”Општина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **40**-та седница, одржана на **11.07.2024** година.

**Бр.09-1124/6**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19) и член 116 став (1) алинеја 14 од Законот за заштита на деца (“Службен весник на Република Македонија” бр.23/13, 12/14, 44/14, 10/15, 25/158, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) Советот на Општина Чучер-Сандево на **40-та** седница, одржана на **11.07.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОБРОК ЗА ДЕЦА ОД ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ОД ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава **СОГЛАСНОСТ** на Одлука за обезбедување оброк за деца од дневен престој од ООУ “Александар Урдаревски”Општина Чучер-Сандево, бр.02-78/7 од 27.06.2024 година усвоен од Управниот одбор на ЈОУДГ „Мило Мое“, Чучер-Сандево.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1073/8**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 38.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ БРОЈ НА ДЕЦА ПО ГРУПИ НАД НОРМАТИВ ВО ЈОУДГ „МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлука за зголемување број на деца по групи над норматив во ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„ Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **40-**та седница, одржана на **11.07.2024** година.

**Бр.09-1124/7**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), а во врска со член 64 став (5) од Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), Советот на Општина Чучер-Сандево на **40-та** седница одржана на **11.07.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ БРОЈ НА ДЕЦА ПО ГРУПИ НАД НОРМАТИВ ВО ЈОУДГ „МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава **СОГЛАСНОСТ** на Одлука за зголемување број на деца по групи над норматив во ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„ Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево Бр.02-78/6 од 27.06.2024 година донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Мило Мое", Чучер-Сандево..

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1073/9**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 39.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНО ВРЕМЕ НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка "Мило Мое" во Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **40-**та седница, одржана на **11.07.2024** година.

**Бр.09-1124/8**
**11.07.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), а во врска со член 67 став (6) од Законот за заштита на децата ("Служвен весник на Р.М." br.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Служвен весник на Р.С.М." бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **40-та** седница одржана на **11.07.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНО ВРЕМЕ НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА “МИЛО МОЕ” ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка “Мило Мое” во Чучер-Сандево, општина Чучер-Сандево.

**Член 2**

Работното време во ЈОУДГ “Мило Мое”, Чучер-Сандево, општина Чучер-Сандево почнува во 06:00 часот, а завршува во 18:00 часот.

**Член 3**

Овој Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1073/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**11.07.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**32.ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА II КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2024 ГОДИНА................ стр. 1**

**33. ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО И ГРАД СКОПЈЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛ.”АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” ВО КО КУЧЕВИШТЕ-ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО................ стр. 26**

**34. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВАБОТУВАЊЕ ВО ООУ„ АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” С.САНДЕВО ВО 2025 ГОДИНА................ стр.28**

**35. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ „МИЛО МОЕ”-ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023/2024 ГОДИНА................ стр.29**

**36. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈОУДГ „МИЛО МОЕ” ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА................ стр.30**

**37. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОБРОК ЗА ДЕЦА ОД ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ОД ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” ЧУЧЕР-САНДЕВО................ стр.31**

**38. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ БРОЈ НА ДЕЦА ПО ГРУПИ НАД НОРМАТИВ ВО ЈОУДГ „МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО................ стр.32**

**39. ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНО ВРЕМЕ НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА “МИЛО МОЕ” ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО................ стр.34**